**О п ш т и н а   О х р и д**

**Ул. Димитар Влахов бр.57**
**Тел/факс: (046) 262492 / 262493**
**Е-маил:info@ohridler.gov.mk**

**Општина Охрид**
**Сектор за Туризам и Локален Економски Развој**
**Одделение за Локален Економски Развој**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2020 – 31.12.2020 година

Датум 02.03.2020 год.

Раководител
Сектор за ТЛЕР
М-р. Ѓоко Апостолов

**Извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.01.2020 – 31.12.2020 година.**

Во текот на оваа година 2020 година одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид.
Општина Охрид оваа Програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој.

Активностите за реализација на Годишната Програма за 2020 се реализираат во следните области на делување:

1.Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата.
2.Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатијата.
3.Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси.
4. Подготовка на проекти и проектно управување.
5.Други оперативни расходи и договорни услуги.

**Посебен акцент во текот на 2020 година во работењето на одделението за локален економски развој ќ се даде на следните активности:**

- Субвенционирање на набавка на велосипеди за граѓание на општина Охрид.
- Проект: "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за старилица и деца и нивна рана превенција, акроним„крос4ол“,од прviot повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020.
- Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд.

<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>

**АНЕКС 1**

1. **Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.01.2020 – 31.12.2020 год.**

1. **Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на Заедницата.**

    1.1. Финансирање на локални микропроекти за поттикнување на локалниот економски развој
    1.2. Финализирање на Стратегијата за рурален развој 2020-2025

2. **Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатијата.**

    2.1. Обуки за идентификација на области, можности и проекти во локалниот економски развој подобни за модели за Јавно приватно партнерство - Искуства и примери за користење на ЈПП
    2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд.
    2.3. Обука на тема „диверзификација на фармите, автохтони видови на домашен добиток и органско производство во функција на рурален развој и нови можности за користење на ИПАРД програмите за рурален развој преку нови услуги и производи во селскиот туризам“

**3.Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси**

3.1. Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.
3.2. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците.
3.3. Субвенционирање на набавка на велосипеди за граѓаните на Општина Охрид.

**4.Подготовка на проекти и проектно управување**

4.1. Подигнување на капацитетот на човечките ресурси за подготовка на проекти и проектно управување
4.2. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти
4.3. Средства од аплицирани и одобрени проекти

**5. Други оперативни расходи и договорни услуги.**

5.1. Договорни обврски
5.2. Други оперативни расходи

## 1. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Финансирање на локални микро-проекти за поттикнување на локалниот економски развој** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2020 | Финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2020 год. | Целта на оваа проектна активност е финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на локалниот економски развој.<br>На ваков начин, општина Охрид го поттикнува партиципативното учество на заедницата во општествениот развој на микрозаедниците.<br>Критериумите, процедурите и постапките кои треба да се исполнат се објавуваат по пат на јавен повик за финансирање на микропроекти. | Повикот е објавен, формирана е комисија за евалуација на проектните предлози.<br><br>Комисијата ги прими сите пристигнати проектни предлози на овој повик.<br><br>Извршена е само административна проверка на сите проектни апликации.<br><br>Изготвен и извештај од страна на комисијата и доставен е до Градоначалник.<br><br>Врз основа на извештајот и согласно препораките на Владата на РСМ за рационализација на трошоците за справување на кризата со Корона вирусот Градоначалникот донесе решение за поништување на повикот. | Не се потрошени финансиски средсва. |
| **1.2. Финализирање на Стратегија за рурален развој 2020-2025** | | | | | |
| **2.** | Јануари - Декември 2020 | Подготовка на Стратегија за рурален туризам. | Одржани се состаноци со сите релевантни чинители, невладини организации, преставници од месни заедници и државни институции. Прелозите, забелешките и потребите на сите засегнати страни се вметнати во нацрт верзијата на стратегијата.<br>За финализирање на истата | Стратегијата е подготвена , но согласно законската регулатива потребно е да се направи стратегиска оценка за влијанието врз животната средина. Овој документ е во постапка на изработка. | Не се потрошени средства од буџетот на општина Охрид за реализација на оваа активност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | неопходно е да се направи стратегиска оценка за влијанието врз животната средина | | |

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Обуки за идентификација на области, можности и проекти во локалниот економски развој подобни за модели за Јавно приватно партнерство - искуства и примери за користење на ЈПП** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2020 | Трендот на ЈПП во современите општества се повеќе се покажува како добра пракса за успешно менаџирање на голем број јавни услуги.<br>Со цел да се надмине јазот помеѓу потребата од инфраструктурни проекти и недостатокот од финансиски средства за нивно успешно реализирање, јавниот сектор се повеќе треба да се насочува кон јавно-приватните партнерства (ЈПП) како растечки тренд за успешен модел на менаџирање на јавните услуги. | Активноста предвидува обуки за запознавање со поимот и моделите на ЈПП, идентификација на области , можности и јавни услуги кои би можеле да се спроведуваат во иднина преку соодветен модел на ЈПП.<br><br>Обуките ги опфаќаат следните теми:<br>- Меѓународни искуства и модели,<br>- Креативни работилници за развој на проекти,<br>- Истражувања на потенцијални партнери.<br>- Идентификација на области, можности и проекти во локалниот економски развој подобни за модели за Јавно приватно партнерство,<br>- Искуства и примери за користење на ЈПП | Наведената активност е реализирана. Одржана е дво-дневна обука во просториите на општина Охрид. Најголем дел од учесниците во обуката беа од јавната администрација.<br>Сите учесници на обуките (30), се здобија со соодветен сертификат.<br>Обуките ги спроведе лиценциран обучувач и доктор на науки во областа на ЈПП кој беше избран во постапка согласно постојната законска регулатива.<br><br>Изработен е Ивештај од страна на консултантот со предлог можности и проекти за финансирање со примена на моделот на Јавно приватно партнерство во општина Охрид. | Исплатени се 150.000,00 денари за реализација на оваа активност. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2020 | Согласно годишната програма на Секторот за ТЛЕР за 2020 година предвидено е реализација на стручни обуки за невработени лица, како и обуки за прекфалификација и докфалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи. | Во насока на успешна реализација на планираната активност општина Охрид преку Секторот за ТЛЕР спроведе анализа за побаруваните занимања во поглед на различните образовни профили и степенот на образование. Анкетираните компании како дефицитарни кадри ги истакнаа: готвачи, заварувачи, сметководители и германски јазик<br>Обуките за наведените профили ќе ги спроведе општинската јавна установа Кузман Шапкарев. | Курсот по сметководство се реализира во целост. Истиот започна на 11.09.2020 год. и заврши на 13.11.2020 год. со организирање на завршен тест. Фонд на часови 80 и тоа: 40 нставни часа теорија и 40 наставни часа пракса со компјутерска програма за водење на сметководство. Број на учесници 16.<br>Курсот за готвачи се реализира во целост. Истиот започна на 16.10.2020 год. и заврши на 16.11.2020 год.<br>Фонд на часови 50 и тоа: 10 теорија и 40 пракса. Број на учесници 17. | Исплатени финансиски средства<br><br>299.300. ден. |
| **2.3. Обука на тема „диверзификација на фармите, автохтони видови на домашен добиток и органско производство во функција на рурален развој и нови можности за користење на ИПАРД програмите за рурален развој преку нови услуги и производи во селскиот туризам“** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2020 | ИПАРД програмите представуваат извонредна можност за диверзификација на руралните земјоделски активности а производството и пласманот на органските производи во секторот на алтернативниот туризам представува најпрепознатлив бренд на локалниот туризам. Оваа активност придонесува кон намалување на проблемот со недоволно користење на можностите што ги дава | Обуката ги опфати следните теми:<br>- Автохтони видови на домашен добиток и органско производство во функција на рурален развој – Примери на фарми и добри искуства.<br>- Можностите за користење на ИПАРД програмите за рурален развој и диверзификација на руралните земјоделски активности.<br>- Фармите со Автохтони животински видови како потенцијал за развој на алтернативниот туризам (поврзување на аграрот, органското производство и туристичката понуда).<br>- За потребите на учесниците на обуката од страна на обучувачот беа обезбедени: Работни материјали, фотографии, флаери и | Релизирана дво-дневна обука.<br>Сите учесници на обуките (35), се здобија со сертификат од оваа област. Изработен и доставен е Ивештај од страна на консултантот. | Исплатени се 120.000,00 денари од буџетот на општина Охрид. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ИПАРД програмата, и диверзификација на активностите преку поврзување на аграрот, органското производство и туристичката понуда. | сертификати. | | |

## 3. ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.** | **Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој** | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2020 | Активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците | Со оваа активност е предвидено обезбедување на неопходни информации за земјоделците, кои ќе им овозможат зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците за производство, зголемување на конкурентноста и искористување на можностите за финансирање во рамките на земјоделството од домашни и меѓународни извори, како и навремено препознавање и соочување со потенцијалните ризици и предизвици за производство и за пласман на производи од сферата на земјоделството. Воедно, преку работењето на оваа канцеларија се овозможува издавање на потврди за користење на средствата од ИПАРД програмата. | Континурано се оддржуваат работилници од страна на мобилната канцеларија за земјоделие во сорботка со надлежното министерство | Не се реализирани финасиски средства |
| **3.2.** | **Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците** | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2020 | Проценка на имот, земјиште, насади и посеви за експропријација во корист на Општина Охрид | Редовна процедура на вршење на попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Поднесени 21 барања, решени 21 | Не се реализирани финасиски средства |
| **2.** | Јануари - Декември 2020 | Изготвени Елаборати за проценка на штета од елементарни непогоди од обилни врнежи од дожд, поплави, град и земјотрес | Редовна процедура на вршење на проценка на штети од елементарни непогоди | Изготвени се 2 елаборати, 4 во постапка | Не се реализирани финасиски средства |
| **3.** | Јануари - Декември | Легализација на бесправно изградени земјоделски | Редовна процедура на легализирање на земјоделски објекти. | Добиени и спроведени 5 барања | Не се реализирани финасиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | објекти. | | | |
| **4.** | Јануари - Декември 2020 | Издавање на ИПАРД 1 и 2 потврди согласно Стратегијата за одржлив економски развој на општина Охрид. | Развој на локалната економија, вработувањето и рационалното искористување на природните и демографските ресурси и стратешки цели за поддршка на развојот на индивидуалните земјоделци | Добиени и спроведени 23 барања | Не се реализирани финасиски средства |
| **5.** | Јануари - Декември 2020 | Постапување по барања на граѓаните за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Редовна процедура за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Добиени и спроведени 171 барања | Не се реализирани финасиски средства |
| **6.** | Јануари - Декември 2020 | Изготвена 1 информација од областа на земјоделството; | Тековни консултации со сите кои имаат потреба од информации во сверата на земјоделието | - Одржани се 2 советодавни обуки | Не се реализирани финасиски средства |
| **3.3. Субвенционирање на набавка на велосипеди** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2020 | Преку наведената активност Општина Охрид предвидува субвенционирање на набавка на велосипеди за граѓаните на територијата на општината. | Активноста се реализира преку објавување на јавен повик за субвенционирање на набавка на велосипеди за сите заинтересирани граѓаните на територијата на општина Охрид.<br>Правилникот врз чија основа се објави повикот, каде јасно се дефиирани критериумите и постапката за субвенционирање на велосипеди беше составен и изгласан на совет. | Со оглед на големиот интерес од страна на граѓаните за оваа активност, во овој квартал по ребалаљнсот на буџетот беа дополнително обезбедени уште 600.000,00 мкд. На 25.08.2020 беше објавен Втор Јавен повик за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди во 2020 година.<br>Вкупно беа доставени 414 барања за субвенционирање.<br>Комисијата ги разгледа поднесените барања од кои согласно критериумите на јавниот повик и согласно правилникот за субвенционирање 406 барања беа со комплетна документација. Првите 118 | За првиот и вториот јавен повик исплатени се вкупно 1.200.000 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | поднесители на<br>барања кои ги исполнуваат условите по принципот прв<br>купен велосипед влегоа во лимитот согласно буџетот<br>од 600.00,00 ден.<br>8 од поднесените барања не ги исполнуваа условите и критериумите согласно правилникот за финансирање и 288 барања го надминуваа планираниот буџет од 600.000,00 денари при што на истите не им се одобри барањето за субвенција. | |

## 4.ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1 Подигање на капацитетите на човечки ресурси за подготовка на проекти и проектно управување** | | | | | |
| | Јануари - Декември 2020 | Подигање на капацитетите на човечки ресурси за подготовка на проекти и проектно управување | Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во Одделението за локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејќи се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во Одделението за туризам. | Во овој период за вработените сите состаноци, информативни работилници и сл. што ги имаа од страна на повеќето меѓународни донатори ги оддржаа online на zoom платформата. | Не се реализирани финасиски средства |
| **4.2. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
| 1. | Јануари - Декември 2020 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција” акроним”CROSS4ALL” | Проектот е во фаза на имплементација од страна на водечкиот партнер -Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и другите партнери: Општина Неаполис, Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост, Факултет за Информатички и Комуникациски технологии , Св.Климент Охридски “- Битола, Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан“ | Проектот е во фаза на имплементација со претставници на Заеднички технички секретеријат од Солун, Грција - надлежно тело за спроведување на Програмата.<br><br>Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР.<br><br>Во овој период реализирана е активноста за набавка на отворен инфо пулт за целите на проектот како и план за реализација на останатите активности на проектот. | Реализирани се вкупно 1.926.000,00 МКД, од кои средства предвидени како сопствено учество на општината како партнер во проектот се во износ од 592.731,00 МКД. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | – Охрид.<br><br>Проектот е поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите,<br>Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите. | Инфо-пултот е доставен,и поставен е во просториите на Црвен Крст Охрид како институција која ќе ја спроведува Пилот Програмата. Изготвена и спроведена процедура за набавка на заеднички водич на проектот каде што ќе бидат внесени целите и сите потребни информации за пректот.<br>Во периодот од Декември 2020 год, започна со реализација Пилот Програмата која е имплементирана од Црвен Крст, преку стационарна и мобилна медицинска екипа, која согласно критериумите започна со прегледи на лица од охридскиот регион, и нивна документација во системот на проектот.<br>Испратено е барање за второ продолжување на проектот поради ситуацијата со Ковид19. Одобрено е продолжување на проектот до Април 2021.<br>Изготвени се два финансиски извештаи преку МИС системот и верифицирани се трошоците кои беа направени. | |
| **4.3.** | **Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | |
| 1. | Јануари - Декември 2020 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција" акроним"CROSS4ALL" | Проектот е во фаза на имплементација во партнерство со водечки партнер -Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и партнери: Општина Неаполис,Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост,Факултет за Информатички и Комуникациски технологии ,Св.Климент Охридски "- Битола,Општина Охрид и | Проектот е во фаза на имплементација со претставници на Заеднички технички секретеријат од Солун, Грција - надлежно тело за спроведување на Програмата.<br><br>Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР.<br><br>Во овој период реализирана е активноста за набавка на отворен инфо пулт за целите на проектот како и план за реализација на | Реализирани се вкупно 1.926.000,00 МКД, од кои грантови средства се во износ од 1.333.269,00 МКД. . |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан“ – Охрид,поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите,<br>Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги. | останатите активности на проектот.<br>Инфо-пултот е доставен,и поставен е во просториите на Црвен Крст Охрид како институција која ќе ја спроведува Пилот Програмата. Изготвена и спроведена процедура за набавка на заеднички водич на проектот каде што ќе бидат внесени целите и сите потребни информации за пректот.<br>Во периодот од Декември 2020 год, започна со реализација Пилот Програмата која е имплементирана од Црвен Крст, преку стационарна и мобилна медицинска екипа, која согласно критериумите започна со прегледи на лица од охридскиот регион, и нивна документација во системот на проектот.<br>Испратено е барање за второ продолжување на проектот поради ситуацијата со Ковид19.<br>Одобрено е продолжување на проектот до 01.07.2021.<br>Изготвени се два финансиски извештаи преку МИС системот и верифицирани се трошоците кои беа направени. | |
| **2.** | Јануари - Декември 2020 | Подготовка на проектна апликација “Reach the mountain” | Оваа проектна апликација предвидува одржување на 3 дневна работилница за користење на ЕУ фондови и вмрежување на партнерства за развој на планинарски туризам во прекугранична област Мкаедонија –Албанија . Апликацијата е поднесена на повик од програмата на SWG and GIZ People to People Actions, во износ од 2 370 евра. | Апликацијата е одобрена за финансирање. Планирано беше обуките да се реализираат во втората половина од септември оваа година, но поради ситуацијат со вирусот Ковид 19 сеуште не се створени услови за реализирање на проектот, бидејќи главната активност е спроведување на обуки. Имаме најви за реализација на проектот во април месец 2021 год. | Не се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид |
| **3.** | Јануари - Декември | IPA CBC Албанија-Македонија | PA CBC Албанија-Северна Македонија -Консултативен процес | Ohrid Lake – Bridging two countries toward one | Не се потрошени финансиски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | | за поднесување на проектни предлози за финансирање на стратешки проекти<br><br>Со цел успешно релизирање на проектната апликација која е одобрена на повикот за финансирање на стратешки проекти во овој период се одржаа два состаноци на zoom платформата со лидер партнерот од Скопје и претставници на Европска делегација и ХОТАМ. | destination.<br><br>Одобрен проект – ќе следат проектни активности во наредниот период. Во овој проект општина Охрид влегува како партнер со општина Струга и Поградец од Р. Албанија<br><br>Главната цел е да се придонесе кон економскиот развој и социјална инклузија во прекуграничните региони на Охридското езеро,Општина Поградец во Албанија, Општина Струга и Охрид во Северна Македонија.<br><br>Со проектот се планира да се набават бродови со капацитет од 50 лица на соларен или хибрден погон (струја - солар).<br><br>Да се воведе туристички производ Крстарење по Охридско Езеро | средства од буџетот на општина Охрид |
| **4.** | Јануари - Декември 2020 | Cepin and Ohrid –Sun (flowers)s of the EU – мерка 2,1 | Збратимување на градови , во партерство со општина Чепин , Хрватска (лидерпартнер), износ 10,800 евра, времетраење 1 месец. Периодот за имплементација се преместува од првично предвидениот во март 2020 год за крајот на годината. Ќе бидат спроведени подготвителни активности, по што ќе се знае колкав дел од буџетот ќе биде за општина Охрид. Имплементација проектните активности ќе биде кон крајот на 2020 год., согласно условите за време на пандемијата | Со проектот се предвидува да се организира и оддржи конференција – Европска унија, очекувања и заедничка иднина, со учесници од Охрид и Чепин , за размена на искуства помеѓу општините во процесот на претпристапни преговори и членство во ЕУ.<br><br>Но поради ситуацијат со вирусот Ковид 19 сеуште не се створени услови за реализирање на проектот | Не се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид |
| **5.** | Јануари - Декември 2020 | Реконструкција на основнот училиште Св. Климент Охридски | Центарот за развој на југозападен плански регион во партнерство со општина Охрид поднесе проектна | Во овој период беше реализирана активноста. Во ОУ.Св.Климент Охридски се замена старата | Не се потрошени финансиски средства од буџетот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | преку комплетна промена на дограмата- прозори и врати во училиштето | апликација до Бирото за регионален развој за промена на дограмата во основното училиште Св. Климент Охридски. | дограма со нова. | на општина Охрид туку средствата се обезбедени од ЦРЈЗПР |
| **6.** | Јануари - Декември 2020 | Реконструкција на основното училиште Христо Узунов, преку комплетна промена на дограмата- прозори и врати во училиштето | Центарот за развој на југозападен плански регион во партнерство со општина Охрид поднесе проектна апликација до Бирото за регионален развој за промена на дограмата во ова основно училиште. | Проектот е одобрен, се спроведе постапка за избор и се избор на економски оператор кој што за брзо започна со спроведување на активностите на терен.<br><br>Економски оператор беше избран и активностите за промена на дограмата се реализираа на терен. | Не се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид туку средствата се очекува да се обезбедат од ЦРЈЗПР |
| **7.** | Јануари - Декември 2020 | Реконструкција и опремување на современ центар за физикална терапија во специјалната болница Св. Еразмо - Охрид | Центар за развој на Југозападен плански регион во рамките на проектот "Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" кој го реализираат Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка –преку Регионални форумски сесии овој проект се рангира како прв најприоритетен од сите 5 предлози. | Во првата половина на оваа година општина Охрид заедно со Центарот за развој на ЈЗПР поднесе апликација до SDC.<br>Проектот е одбрен и е отпочната постапка за избор на економски оператор.<br><br>Во овој период беа спроведени три тендерски објави за овој повик и се избра економски оператор кој што ќе ги спроведе активностите на терен. До април – мај треба да биде завршена реконструкцијата на базенот. | Не се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид туку средствата се очекува да се обезбедат од Мин за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC ) 150.000 CHF |